ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ НА КУЛТУРАТА
„25-ти МАЈ„ ВАЛАНДОВО
Бр. 01-6/1
21.01.2025 год.
ВАЛАНДОВО

# ЈОУ ДОМ НА КУЛТУРАТА „ 25 МАЈ“ ВАЛАНДОВО

## И З В Е Ш Т А Ј

**За реализираната годишна програма за работа на**

**ЈОУ Дом на културата „ 25 Мај “ Валандово за**

**2024 година**

**Валандово, јануари 2025 година**

ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРАТА „25-ти МАЈ„ ВАЛАНДОВО * ВАЛАНДОВО *

Минатата 2024 година Домот на културата имаше поголем број настани кои произлегуваа од Програмата и дејностите кои функционираат преку Домот, реализираше проекти одобрени од Министарството за култура, а со својот просторен и персонален капацитет помогна да се реализираат и други активности од поширoката заедница.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА МУЗИЧКО –СЦЕНСКАТА ДЕЈНОСТ ЗА 2024 ГОДИНА

Во 2024 година, музичко-сценската дејност беше фокусирана претежно на младата популација. Поголемо внимание беше обратено на учениците кои посетуваат часови по пијано и на децата од сите основни училишта во општината. Проектите кои претходно (во 2023) беа испланирани, не добија одобрение и финансии од министерството за култура на Република Северна Македонија. Беа одржани неколку театарски претстави и фестивалот за детски песни Весело Штурче, кој годинава го слави својот јубилеј од постоењето. Часовите по пијано редовно се одржуваа во текот на целата година, 2-3 пати во неделата распоредени според смените на часовите на учениците и нивните вонучиишни обврски.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024(БИБЛИОТЕЧНА ДЕЈНОСТ)

Библиотеката „Гоце Делчев“ непречено ги услужуваше читателите и изминатата 2024 година и успеа да реализира повеќе настани.

Беа набавени нови наслови со што се зголеми фондот во библиотеката. Библиотеката беше уредена со нови сталажи.

На проекти од Министерството за култура и туризам беа добиени финансиски средства за набавка на книги и набавка на сталажи.

Во месец февруари беше распишан конкурс по повод празникот 8 Март за песна, состав и рачна изработка. На манифестација на 7 март беа доделени наградите за најдобрите творби.

На 23 април беше одбележан Светскиот ден на книгата и авторското право. На читателите кои тој ден ја посетија библиотеката им беа подарени книги. По повод Светскиот ден на книгата и авторското право, библиотеката ја посетија ученици од петто одделение од ООУ „Јосип Броз Тито". Од страна на вработените во библиотеката за учениците беше организиран квиз на знаења со цел продлабочување на знаењата за библиотеката и книгите, беа споделени најубавите мисли за книгата и на учениците им беа подарени книги.

Во месец мај вработените во библиотеката учествуваа на Меѓународна конференција на библиотекари која се одржа во Дојран.

На 25 септември беше организиран еднодневен саем со идавачката куќа Сакам книги.

Во октомври беше распишан конкурс по повод Месецот на книгата за песна, состав и цртеж. На манифестација на 22 ноември беа доделени наградите за најдобрите творби и цртежи. Беа прогласени најчитатели и највозрасен читател за 2024 година.

Во месец ноември библиотеката ја посетија ученици од четврто одделение од ООУ „Јосип Броз Тито" . Тие се запознаа со работата во библиотеката. Беше организиран квиз, а на учениците им беа подарени книги.

Во месец декември библиотеката ги претстави новите наслови на новогодишниот базар на плоштадот и организира лотарија, а учесниците на базарот добија награди и книги.

**Извештај за работа за 2024 (литературна дејност)**

1. Настан за светскиот ден на книгата и авторското право реализиран на 18 април во ООУ „Страшо Пинџур" во Јосифово. Овој настан беше масовно посетен и беа

вклучени голем број возрасни граѓани.

2. „Валандово во месецот на книгата", настан за месецот на книгата, реализиран на 31 октомври во Фестивалската сала.

Реализирани 10 настани или 10 разговор средби низ текот на целата година со „Клубот на читатели". Овие средби се остваруваат врз претходно утврдена годишна програма која опфаќа различни теми од обласа на литературата

**ЛИКОВНА ДЕЈНОСТ**

Во 2024 година се одржа 28ма по ред Ликовна Меѓународна колонија со наслов „Валандово 2024'.

Ликовната колонија се одржа во месец Јули од 10 до 14 јули, во просториите на Домот на култура.

На 28 Меѓународна колонија беа насликани 23 слики кои остануваат во сопственост на домот.

Оваа година сликите од колонијата „Валандово 2024' беа изложени во повеќе градови во нашата држава: Ново Село, Струмица,Кочани и Кавадарци.

Од ликовната дејности исто така имаше и неколко самостојни изчожби на наши уметници од РСМ.

**МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ**

Во Музијската дејност исто како и секоја година имаме доста посети од нашата општина и деца од училиштата.

Оваа година имаме и збогатување на Етнолошки предмети од добиениот проект од Министерство за култура и туризам.

Проектот добиен со наслов „Валандовска Соба“ во која успеавме да ја збогатиме музејската збирка со неколку стари предмети Етнолошки од нашата општина.

Други настани во изминатата 2024 година:

Изложба на слики и работилница за деца

Изложба на слики

Одбележување 8ми март денот на жената настан

Претстава за деца

Посета на музеј ученици

Дневен центар ДИК обука

Презентација- Механизми за препознавање заштита и справување

Обуки АВРМ

Претстава за деца

Весело Штурче фестивал за деца

Претсава за деца од театарот на Демир Капија

Хид Баш фест

Прес конференција за фолк фест

Конференција на здружение

50 години Калинка Валандово

Изложба на слики

КУД Гоце Делчев летен концерт

Ликовна колонија

Петровденски средби

Посета на музеј на ученици од гимназија

Посета на домот на ученици од Гостивар заедно со ученици од гимназијата Гоце Делчев Валандово

Претстава за деца

Ученици од Јосифово посета на библиотека

Фестивал за деца

Фестивал за деца од Гостивар

Презентација за Вардарска долина (мала сала)

Американ Корнер презентација (мала сала)

Концерт играорна завршен

Новогодишна претстава за деца

Исто доста активности и настани имаа друштвата:

Планинари,Извидници,Распеани Валандовчани КУД Гоце Делчев и детскиот фолклорен ансабал при Дом на култура „25 Мај" Валандово и други регистрирани друштва во нашата општина.

Во 2024 година исто така беше реконстуирана Кино Сала и ќе биде во функција во 2025 година.

ЈОУ Дом на културата „25 Мај"

Валандово

ВД Директор

Деан Исиров

ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ДОМ НА КУЛТУРАТА „25-ти МАЈ" ВАЛАНДОВО * ВАЛАНДОВО

ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ НА КУЛТУРАТА
„25-ти МАЈ„ ВАЛАНДОВО
Бр. 02-7/2
22.01.2025 год.
ВАЛАНДОВО

Врз основа на член 36 од Законот за културата (Службен весник на Р.М. бр.31/98 и 49/03) Управниот одбор на Домот на културата "25 Мај" од Валандово на седницата одржана на ден 22.01.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

За усвојување на извештајот на реализираната програма
за работа за 2024 година на
ЈОУ Дом на културата "25-ти Мај" Валандово

1. Се усвојува извештајот на реализираната програма за работа за 2024 година на Јавната Општинска Установа Дом на културата "25-ти Мај" Валандово.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното усвојување.

Претседател
на Управен одбор
на Домот на културата "25-ти Мај"
Валандово
Игор Андонов